## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,12 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Дами и господа пратеници ја отворам Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мандух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Слободан надовски, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Славица Грковска, Оливер Спасовски, Горан Петров, Садула Дураки, Абдуладии Вејсели и Фијат Цановски, ме известија дека се спречени да приссутвуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 79 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе законот за изменување на Законот за управните спорови.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда господинот Маневски.

Повелете господине министре имате збор.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Владата на Република Македонија го предложи законот за изменување на Законот за управните спорови од причини што со Законот за Судскиот совет на Република Македонија не се избрани 5 члена, членови на Судскиот совет и тоа 3 члена што ги предлага надлежната Комисија за прашања на изборите и иемнувањата на Собранието на Република Македонија и 2 члена што ги предлага Претседателот на Републиката.

Сакам да ви кажам дека Владата ги презема сите мерки за навремено отпочнување со работа на Управниот суд на Република Македонија, со тоа што се обезбедени простории, со тоа што е обезбедена опрема на тие простории, со тоа што се обезбедени материјални средства за плати на судиите, обезбедени материјални средства за вработување на стручни и админисративни работници, обезбедени средства за надоместоци за користење на просторот, бидејки Владата закупи деловен простор од Македонски пошти.

Исто така Судскиот совет распиша оглас за избор на судии ма Управниот суд на Република Македонија. На огласот се приајвени околу 240 кандидати. Исто така распиша и оглас за избор на 11 судии на Апелациониот суд во Гостивар, меѓутоа бидјеки не се избрани 5-те члена на Судскиот совет, кои не се од редот на судиите, очигледно е дека Судскиот совет не е во можност да го изврши изборот на судиите и во Управниот суд во Скопје и во Апелациониот суд во Гостивар заради тоа што судиите, согласно Законот за судскиот совет, се избираат од Судските своет со дветретини, од членовите на Судскиот совет на Република Македонија.

Со оглед на тоа штоне е извршен изборот на тие 5 члена на Судскиот совет, Владата предлага да се продолжи рокот на важењето на овој закон и изборот на судитие да се изврши во рок од 30 дена од изборот на членови на Судскиот совет на Република Македонија кои не се од редот на судиите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Предлогот на Владата овој закон да се доенсе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 68, воздржан 1, против 9.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Процедурално за збор се јави господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Парламентарната група на ДУИ и ПДП бара на дневен ред да се постави уште една точка. Имено ние бараме ургентно да се стави точка на дневен ред затоа што сите сме сведоци, на денот кога имавме интерпелација за Владата, според нас беше направена една манипулација. Во моментот со одлучувачкиот акт кога се гласаше, мислам неслучајно, 8 или 9 пратеници кои велат дека гласале, а на листата, прегледот од гласањето што го добивме, излегува дека тие пратеници не гласале. Ние сметаме дека со ова парламентарното мнозинство ги крши правата на пратениците, или пак манипулира со системот за гласање, со единствена цел, да не дојде до тоа резултатот да биде тесен, што со Уставот се предвидува да има и поединечно гласање.

Ние мислиме дека тоа е алармантна работа, бидјеки во иднина ќе се изгуби смислата, било која парламентарна група да бара интерпелација за Владата и на крајот да произлезе дека пратениците не гласале, иако биле присутни во салата, или пак нивнио тглас да не биде земен предвид. Мислам дека сите треба да бидеме

загрежени поради тоа, бидејки, уште еднаш ќе нагаласам, ќе се изгуби смислата, некој да бара недоверба за идната Влада, затоа што ние ќе дозволиме една пракса, а тоа не е предвидено со Уставот. Мислам дека Уставот гарантира секој пратеник да го изрази своето мислење за било која Влада. Така што, уште еднаш ќе нагалсам ние бараме да се стави на дневен ред и да излеземе со конкретни предлози, како ќе се работи во иднина кога имаме гласање за недоверба, или пак интерпелација на Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Според Деловникот за ставање предлог на дневен ред по итна постапка, треба да има писмен предлог и образложение на тој предлог и после тоа ќе може да се одлучува дали тоа ќе дојде на дневен ред.

Процедурално за збор се јавуваа господинот Андреј Жерновкси.

**Андреј Жерновкси:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

На ден 18.05.2007 година, речиси пред еден месец, врз основа на член 76 став 3 од Уставот на Република Македонија, пратеничката група на ЛДП, подржана со потпис од пратеничката група на СДСМ, поднесе Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на ненаменското трошење на финансиските средства, од страна на актуелниот Управен одбор на АД. ЕЛЕМ-Скопје.

Јас навистина се чудам зошто до ден денес ова не е ставено на дневен ред, бидејки член 65 од Деловникот на Собранието на Република Македонија вели: “во Предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата ги доставиле овластени предлагачи”. Вие овде, според Деловникот, го имате потребниот број од овластените предлагачи.

Како што е познато, инфорамцијата што ја пласираше Надзорниот одбор на АД. ЕЛЕМ за незаконско и ненаменско трошење на финансиските средства од страна на претседателот и членовите на Управниот одбор АД ЕЛЕМ, предизвика вознемиреност и загриженост на пошироката јавност.

Со оглед на фактот што АД ЕЛЕМ-Скопје е во сосптвеност на државата и што е уште поважно, располага со средствата на граѓаните на Република Македонија, ненаменското трошење на истите средства директно се одразува врз стандардот на граѓаните кои треба да ја покријат направената штета.

Познато е дека Владата не само што не сакаше да го реши овој случај, туку ги разреши членовите на Надзорниот одбор и спротивно од својата декларираност дека транспарентно работи, таа всушност го сокри Извештајот на Надзорниот одбор кој се занимаваше со работата на Управниот одбор.

Ние овој пат сме сигурни, иако сме разочарани што овој Предлог не беше потпишан односно не ги собра потписите од парламентарното мнозинство, сигурни сме дека овој пат парламентарното мнозинство ќе ја подржи оваа наша препорака за тоа што сите ние сакаме да се вклучиме во борбата против корупцијата. Значи ние како опозиција се надеваме дека корупцијата и криминалот, оваа Влада не го дели, направен пред 5 јули и по 5 јули, туку дека ние како Парламент ќе го разгледуваме целиот криминал што е направен. На крајот на краиштата пак ќе кажам, Парламентот мора да дискутира за оваа појава во АД ЕЛЕМ, бидејки ние како претставници на граѓаните мораме да ги гледаме овде сите дубијози кои што се направени со средствата на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Жерновски значи ли тоа вашиот предлог да се стави на дневен ред на денешната седница, барате ли точка на дневен ред, или тоа е само предупредување. Морам да признам, можеби тоа е мој хендикеп, но не го разбрав.

**Андреј Жерновкси:** Почитуван претседателе, затоа јас ви го прочитав член 65 каде вие според Деловникот на Собранието на Република Македонија бевте должни нашето барање веќе да го ставевте на дневен ред затоа што, пак ќе кажам, вели: “во Предлогот на дневниот ред, претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикување на седницата ги доставиле овластените предлагачи”. Овде имате овластени предлагачи 21 пратеник. Значи тоа всушност во овој момент требаше да биде составен дел, на дневниот ред, до колку се работи правилно во овој Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине макрадули.

**Јани Макрадули:** Која е одлуката за тоа?

**Љубиша Георгиевски:** Ако барате да се стави на гласање.

**Јани Макрадули:** Мора да биде.

**Љубиша Георгиевски:** Го прифаќам предлогот и предлагам да се стави на галсање овој предлог за дневниот ред.

Ве молам да гласаме.

(Реакции дека не треба да се гласа).

Што се однесува до оваа седница таа точка е дополнителна точка на дневенинот ред, не е изворно ставена. Ако сакате на оваа седница да се стави да гласаме, ако не ќе го разгледам коментарот и ќе донесам одлука. Така е тоа. Не можам да донесам денес одлука така.

(Реакција од пратениците)

По Деловникот ако одиме по Деловник ние се договоривме кои прашање треба да имаат предност, кои прашања треба да почекаат. По Деловиникот е голема гужва. Јас можам да ви кажам дека еден ден ќе дојде. Одиме понатаму.

Господине Јани Макрадули, повлете имате збор.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Мојата интервенција е процедурална.

Прво со ова се воспоставува еден режим каде на овој начин ни еден предлог од опозицијата никогаш нема да ја види светлината на денот овде во Собранието.

Јас да ве потсетам ние овде сме разговарале и за Извештајот по повод 1000 отпуштени работници од ЕСМ кога надвор имаше протести, кога се прифати тука да се дебатира. Тука нема дилема дали треба или не. Но, целиот хендикеп, доаѓа од тоа што оваа седница, според нас е закажана не деловнички. Имено, во вашето решение пишува вака: “Врз основа на член 66 став 3 од Уставот на Република Македонија  донесувам решение за свикување” и ништо друго. По кој член од Деловникот е закажана седницата за да знаеме кои рокови течат. Според нас, оваа седница не е закажана согласно Деловникот на Република Македонија на Собранието и ние денеска не можеме да почнеме да работиме. Имено, врз база на членовите кои што ќе ги наведете овде во решението ваше, ние ќе знаеме дали се роковите десте, петнаесет, бидејќи овде имате закон од прва фаза. Седницата е закажана на први. А денес 11. Значи нема 15 дена за закон што е од прва фаза, согласно  лен 139 од Деловникот за работа на Собранието. Има неколку повреди на Деловникот и според нас денеска во овој ометн не можеме воопшто да работиме бидејќи не е закажана седницата согласно Деловникот. Член 66 став 3 од Уставот вели дека вие како претседател можете да закажете седница и ништо друго. Но кој член, дали се 10 дена, дали се 15 дена, дали се итни роковите, никој од пратениците не знае во овој момент. Затоа ве молам во овој момент да ја прекинете седницата. Во овој момент не можеме да продолжиме. Затоа ни се јавува вака, дали ќе се стави некоја точка или не, а согласно Деловникот чиста е ситуацијата и според член 65 и 139 и 66. Затоа ве молам согласно Деловникот за работа на Собранието тука да прекинеме и да си ја закажете седницата како што треба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза за консултации.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,51 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата, продолжуваме со седницата.

Во врска со процедуралните интервенции, по консултациите се заклучи дека господинот Жерновски е во право, тоа е моја грешка.

Јас се извинувам за таквата грешка. Во последно време имавме страшно фрекфентна ситуација околку дневниот ред, според тоа ја ставам точката на дневен ред како точка 15 - Одлука за основање на анкетна комисија за испитување на ненаменско трошење на финансиски средства од страна на управниот одбор АД “ЕЛЕМ”.

Што се однесува до втората процедурална интервенција и тука е постигнат еден начелен договор од страна на генералниот секретар со господинот Макрадули.

Понатаму, процедурална интервенција има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине претседателе пред повеќе од месец дена доставив до Парламентот проект за декриминализација или проект за брба против огранизираниот криминал и корупцијата со идена да биде премет на расправи или точка на дневен ред на една од наредните седници на Парламентот.

Предлагам доколку е можно ако не на оваа, на една од наредните седници да биде доставен до пратениците и да биде разгледана оваа информација.

Тоа е мојата процедурална интервенција.

**Љубиша Георгиевски:** Ја прифаќаме вашата сугестија и доколку имаме можност, тоа треба да се провери, на следната седница да го ставиме на дневен ред.

Процедурална интервенција има господин Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, колеги пратеници.

Мојата процедурална забелешка е за ставање на декларацијата која значи барање на Собранието на Република Македонија за членство во НАТО. Таа е дадена пред 20 дена и сметам дека требаше да биде ставена на дневен ред на оваа седница.

Посебно ова можам да го поткрепам и на некој начин изразам преку вчерашниот дијалог што нашиот премиер го имаше со претседателот на САД, каде што е поттикнато политичкото зближување или соработка во Парламентот и ставање на Парламентот во една нова позиција или подигање на парламентаризмот околку интеграциониот процес во НАТО. Ние сме свесни дека ова е една агенда која што е лимитирана временски. Ова е една агенда во која што сите треба да изнесеме добра волја, ова е агенда во која што  политичкиот консензус кој што постои во народот најдобро може да се изрази преку Собранието и преку таа декларација и дискусијата која ќе произлезе од таа декларација посебно од обврските кои Владата треба да ги превзема на некон начин имаме посигурен, потранспарентен, појасен пат на Република Македонија кон НАТО, од една страна и втора страна по јавност и транспрентност во работењето на Владата во овој интеграционен процес. Истовремено таа декларација на некој начин дава можност за лобирање на овој Парламент спрема другите праламенти кој тој прием евентуални би требало да го ратификуваат. Сметам дека Собранието на оваа седница требаше да биде ставена оваа декларација и на тој начин да дадеме еден поголем допринос во клучниот момент на Република Македонија во интегративниот процес. Сметам господине претседателе, вие како

претседател на Собранието имате апсолутно право дека свесни сте за димензијата на таа декларација и дека требало да ја ставите како точка на дневен ред на оваа седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Во однос на оваа процедурална интервенција треба да ви го кажам следното.

Доста време беше посветено на овој предлог и на крај одлучив проценката кога и како да биде алтернативна алтернативата која мене ме окупираше дали пред Тирана или после Тирана како фолоап на Тиранскиот самит. Се разбира од приложеното се гледа дека одлучив тоа да биде како фолоап тука за разлика од точката на одлуката на ПДП не згрешив, мислам и дека најдобриот, најприродниот фолоап е една од следните седници, можеби првата следна седница. Тука уште имам компплицирани ситуации да го оставиме, имено да ја ставиме таа декларација на дневен ред во која што се надевам Парламентот ќе ја изгласа со потполен консензус. Ми се чини дека таа декларација е значајна да се изгласа со потполен консезус бидејќи тој консензус во послено време влезе како еден од елементите во реформските процеси кај нас и така да подобро да се изгласа после отколку пред. Благодарам.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас како предлагач на таа декларација ве замолувам, значи на првата следна седница како прва точка на дневен ред да ја поставиме сметајќи на значајноста на таа декаларација и клучниот момент на таа декалрација се носи и отворање на сите агенди кои се потребни на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Таа ваша интервенција ја сметам за крајно релевантна.

Бидејќи завршивме со процедуралните интервенции, дневниот ред за денешната седница го ставам на гласање откако ќе го прочитам.

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвецијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на морската пловидба, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договрот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за меѓудржавни посвојувања, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за заштита на потрошувачите, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија за осигурување, со Предлго на закон;

5. Предлог за донесување на закон за заштита на правата на пациентите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за менување и дополнување на Законот за индусриската сопственост, со Предлог на закон;

7. Прдлог на закон за заштита од бучава во животната среднина;

8. Предлог за донесувње на закон за земјоделко земјиште;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за градежни производи, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност, со Предлог на закон;

14. Предлог на закон на изменување на Законот за управните спорови;

15. Одлука за основање на анкетна комисија за испитување на ненаменското трошење финансиски средства од страна на управниот одбор на АД “ЕЛЕМ”.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневе ред.

Нема.

Предложениот дневе ред... се извинувам не ве забележав. Повелте.

**Кире Гештаковски:** Претседателе, сакам да реагирам деловнички во смисол на непочитување на еден поголем период, скоро година дена на членот 142 од Деловникот.

Заради дообјаснување, а пред се да разбере македонската јавност сакам да прочитам што пишува во првиот дел. Предлогот за донесување на закон пред да се претресе на седница на Собранието го разгледува работното тело во чин, делокруг, во целина или во неговиот поголем ден спаѓаат прашањата што се уредуваат со закон. Надлежното работно тело и плус Законодавно правната комисија. Сакам да реагирам за предложениот дневен ред во смисол на точка 5 кој што ЕУ предзнак е, Предлог за донесување на закон за заштита на правата на пациентите. И ќе замолам да не се поставува на дневен ред додека не заседава работното тело односно Комисијата за здравство. Година дена Комисијата за здравство не е состаната. Се случија толку многу измени и дополни во законите за здравствено осигурување и здравствена заштита, се направи таков хаос во здравството, во целиот сектор. Секторот здравство е пред тотална блокада, а посебно се работи на ова законско решение бидејќи се тука заинтересирани два милиони граѓани на Република Македонија за прв пат се носи во Република Македонија ова законско

решение, значи не е дополна измена на некое претходно законско решение, сите се заинтересирани за овој закон, неможе во најмала рака да помине по итна постапка. Без јавна расправа, а посебно без свикување на Комисијата за здравство.

Бидете сигурни господине претседателе дека вие сте одговорен за одглавување на работата на таа Комисија. И бедете сигурни дека ако работи, ако функционира Комисијата за здравство нема да се случуваат секојдневно вакви небулози и шалатанство што се случуваат во овој сектор. Таму ќе се продискутираат сите работи и ќе се изнајдат правни решенија за многу од овие недоречни работи што се во секторот за здравство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

По однос на оваа интервенција ќе побарме да заседава таа Комисија и во најкраток можен рок да донесе свој став околу тоа, но тоа нека си биде на дневен ред, кога ќе стигнеме до таму.

Господин Положани повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

Бидејќи на некој начин се чуствува за повикан да одговорам на тоа што претходниот почитуван пратеник го кажа, именот за одрена неточност, полимизира во делот каде што кажа дека Комисијата за здравство не е состаната и нема дискутирано година дена. Јас сакам и поради јавноста да кажам дека тоа не е токму така и не е точно, затоа што Комисијата за здравство има напрвено толку седници колку што имаше потреба во времето кога ние бевме во Парламентот како пратеничка група. Не е состаната само во овој период каде што ние поради познатите причини не бевме, а не можеме да ги разгледаме точките поради неовозможување на кворум од страна на одреден број на пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам што внесовте дополнително светло во овој случај.

Господине Гештаковски, малку е невообичаено да се даде повеќе пати збор за процедурална интервенција. Ви објаснив јас сосем вовелентвно, господине Положани да не влегуваме сега во реплики, вашата процедурална интервеција беше сосема на место, ја уважив, процедуралната интервенција на Положани исто така и сега не гледам потреба од тоа да трошиме драгоцено време за работи што се процедурални.

**Киро Гештаковски:** Јас не реков дека виновник е политичката партија што не учествување во работата на Собранието. Има одржано само една конститутивна седница и тоа ниедно прашање од сферата на здравството не е разгледувано бидејќи е присутен проблемот со упортебата на јазицита. Ниедна точка на дневен ред нема разгледано Комисијата за здравство. Јас не ја најдов одговорноста кај политичката партија. Јас ја најдов одговорноста кај вас господине претседателе бидејќи вие сте одговорен за непречно работење на таа Комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сеедно, убаво е по добрите обичаи налагаат фос мажор да не се дискутира. Така беа околностите, така сега се променети за наша најголема среќа и се ќе функционира добро.

Господине Оровчанец истото тоа важи и за вас, ако можеме да се ограничиме. Повелете,

**Ѓорѓи Оровчанец:** Процедуралното прашање во врска со дневниот ред, конкретно за Предлогот на законот за заштита на правата на пациентите, во оваа процедурална забелешка би обрнал внимание на точноста на она што доктор Гештаковски го кажа и би го надополнил со уште неколку елементи.

Тука имаше забелешки и од Лекарската комора кои беа од амандмански тип, некаде околу 24.

Понатаму, во јавноста провеа и се доби информација дека одредени здруженија, како што здружението на нефролошките болни, болните на дијализа итн, се против ова законско решение. Со други зборови имема отсуство на јавност и транспарентност на носење на еден закон кој што практично не тангира сите.

Сметам дека ова решение како законско решение кое прв пат се обидува да се внесе во Република Македонија, обидот е добар меѓутоа самата материја и непознавањето на процесите внатре во законското решение налагаат според мене ова да биде измена закон или да не биде закон во една постапка. Министерството да прифати овој закон да оди во редовна процедура или во две читања и на тој начин да се добие во јавноста и на тој начин да се добие во корективноста на решенијата кои што во првото читање гледаме дека се лоши, или уште полошо кажано лошо преведени од хрватски и маџарски јазик. Благодарам.

**Јани Макрадули: (од место)**

Треба да гласаме по предлогот на господинот Гештаковски. Можеби господинот Никола Поповски сака да говори по нешто друго.

**Љубиша Георгиевски:** Јас мислам дека завршиме со процедурата.

**Никола Поповски:** Јас не сум за законот за права на працbackground пациенти. Јас сум за друго.

**Љубиша Георгиевски:** Значи вие, уште и по објаснувањето на господинот Положани, Гештаковски стоите на тоа да се извлече таа точка? Бидејќи јас предложив, додека да дојдеме до точката 5, законот за пациенти, евентуално Комисијата да испорача свое мислење. Така и го разбрав господинот Положани дека тие се подготвени да испорачаат свое мислење. Со тоа отпаѓа причината да се гласа дали таа точка, мислев ќе се согласите со тоа. Вие не реагиравте.

**Ѓорѓи Оровчанец: (од место)** Ова е непристоен предлог Комисијата за пет минути да реши.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не за пет минути. Има време додека да дојдеме до таа точка.

Господине Положани уште вас да ве слушнеме па да одиме.

**Азис Положани:** Благодарам.

Пак, веројатно поради нејаснотиите, се чувствувам повикан повторно да реагирам.

Јас реагирав само на делот каде што беше кажано дека Комисијата не е состаната денеска. Кажав зошто тоа не е направено.

Инаку, јас сум за предлог што овој закон ќе го стави во позиција да биде потранспарентен и по подложен за интервенции од страна на оние за кои е најмногу посветен, тоа значи за пациентите, бидејќи до сега тоа не е. Значи, сум за предлогот што господинот Гештаковски го кажа. Поради разни причини, но не само поради тоа дека не е поминато на Комисија туку поради многу други причини законот да биде повлечен.

Или, да ја објаснам уште повеќе состојбата, ако тоа не може така, бидејќи и јавната дебата, првото читање овде може да значи придонес кон поквалитетен закон, сум за тоа да и претставникот на Минисерството за здравство ја прифати нашата општа забелешка, што ценам дека е коректна, Законот да оди во две фази. Затоа што се уредува една нова материја, до сега непокриена со законски решенија. Мислам дека не се вклучени сите инволвирани во овој процес, а добро е да оди и на јавна расправа заради поквалитетни решенија.

Значи, ако веќе не се прифаќа или со гласање се искаже некое мислење за едниот предлог, во секој случај минимум би било и коректно би било барем да се стави на гласање предлогот на господинот Оровчанец, а тоа значи во точката 5 да не стои зборот “со Предлог на закон”, туку да одиме со предлог за донесување на закон за заштита на пациентите, што е доволно за оваа фаза. Тоа ќе биде добро и за Законот и за материјата што се претендира да се уреди со овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Според тоа, го ставам предлогот на господинот Гештаковски, да се повлече точката 5 од дневиот ред.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 31 гласале за, 2 воздржано, против гласале 40 пратеници.

Според тоа, предлогот е одбиен.

Повелете сега господине Поповски, вие сте по друго. Така рековте.

(Пратеникот Оровчанец бара да се гласа по вториот предлог)

Не, не. Предлогот е онаков каков што јас ќе го формулирам.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Претседателе,

Јас се јавувам процедурално во врска со точката 4 од дневниот ред и би ве замолил за трпение, можеби ќе ги искористам трите минути во целина да не ме прекинувате.

Имаме денеска дневен ред кој се состои од 15 точки. Од кои, 14 точки се со вкупна, груба моја проценка, околу 350 страници текст. Значи, една точка по десетина - 20 страници, најчесто ситни измени и дополнувања. И, една точка, тоа е точката 4, Законот за супервизија на осигурување, што е 440 страници текст. Повторувам, 440 страници текст.

Јас, на неколку наврати, како член на Комисијата за финансирање и буџет во ваква дебата, на вас ви укажувам, бидејќи немам кому друг да укажам, дека во услови кога Комисијата за финансирање и буџет не функционира, а нека не ми замерат моите колеги, мислам дека по важност е втора по важност Комисија во Собраниево, практично ние имаме парламент на куцан нога. И, неколку пати укажувам, не гледам решение од ваша страна и дозволете да оценам дека во овој момент дека не можам да не ја лоцирам вината кај вас.

Мислам дека по разните основи, парламентот веќе полека, ама сигурно излегува од деловничкиот начин на работа. Вие, ако видите овде што се случува, додека ние расправавме за интерпелација ни дадовте 15 закони, денеска имаме други закони, а утре ни завршува рокот за наредната седница. Комисии не можат да ги гледаат. Секој ден заседава Парламентот. Комисијата за финансии и буџет, господине претседателе, не заседава во овој Парламент за закон од 420 страни со целиот материјал 440 страници. Никој нема доставено мислење од оние кои се засегнати. Од осигурителните компании се јавуваат да го видат текстот, од нас пратениците го бараат во законодавна процедура, да им дадеме копие. Ајде, нив ќе ги ставам на страна. Тоа е односот на Владата, не ги консултирало, ќе кажеме кога ќе дојде законот. Меѓутоа, како очекувате вие сега да расправаме за сериозна материја кога никој не дал мислење во овој Парламент?

Јас не знам што друго, неколку пати укажувам, во овој момент давам предлог до вас. На тоа имам право, согласно Деловникот.

Ве повикувам да ја свикате, кога веќе не можете во Парламентов да организирате тоа да функционира, да ја свиката вие Комисијата за финансии и буџет. Се надевам дека како четврта точка, барем денеска нема да дојде на дневен ред, или да ја поместите да можеме барем утре, или попладне или сабајле да слушнеме образложенија од Министерството за финансии да можевме да дебатираме. Сега се најдовме во ситуација во која има еден единствен амандман предложено и тоа повторно од Министерството. Направена грешка, ја предложиле преку пратеник, ми се гледа. Никој не може ни амандмани да предложи во оваа гужва, никој не може да го погледне текстот. Јас ве уверувам дека на слепо ги носиме законите во Парламентот.

Затоа, еве дозволете и благодарам за овие дваесетина секунди плус, ве повикувам да ја свикате вие седницата, да определните човек кој ќе претседава, барем овој закон да го разгледаме, да можеме место на говорница со министерот часови да губиме, да ги изгубиме таму во една

работна атмосфера. Овде на ништо не ми личи мене да разговараме за детали од членови. Затоа постојат работни тела, а тие не функционираат. Не гледам друг начин.

Ве молам, свикајте ја седницата.

**Љубиша Георгиевски:** И јас да гледав друг начин ќе го направев. Се плашам дека ортопедот за таа куца нога не седи овде каде што седам јас. Но, ќе направам се што е возможно, ќе разговарам со господинот Адеми да се свика сепак таа седница за да не претставува тесно грло во легислативата.

**Никола Поповски:** Јас имам право според Деловникот, ве повикувам вас да ја свиката.

Тоа е ваше деловничко право.

**Љубиша Георгиевски:** Можам да ја свикам и јас, иако не гледам можност да се свика. ќе се обидам.

**Никола Поповски:** Имате право по деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не. Јас не говорам што имам право. Туку, јас говорам што може да се направи во конкретната ситуација. Едно е човек да има право, а друго е да се реализира тоа. Но, вие знаете за што говорам. Ќе направиме се што е возможно тоа да ви биде удоволено, затоа што вашето барање е резонско и држи месо. Сосема го прифаќам. Меѓутоа, самата процедура како ќе оди, јас во овој момент не можам да земам обвсрка. Можам да земам обврска дека ќе ја свикам таа седница, ништо повеќе од тоа.

Дневниот ред за денешнава седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 58 пратеници, 2 гласале воздржано, против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на морската пловидба, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на морксата пловидба.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вккупно гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на морската пловидба.

**Минуваме на точката 2. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за меѓудржавни посвојувања, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор побара господин Никола Попопоски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Пред изјаснувањето на овој закон, би замолил до предлагачот, до Владата, дали Министерство за надворешни работи или Министерство за труд и социјална политика, се едно, двајцата се претставници за овој закон, да дадат барем два одговори што мислам дека се интересни за Парламентот. Односно, едното ќе има потпршања.

Прво, кој е иницијатор за ваквата спогодба, дали Владата на Република Македонија или Владата на Република Словенија?

Дали во Македонија, во процесот на посвојување, што е уреден со домашен Закон граѓаните на Република Македонија кои вршат посвојувања дури и кога ги исполнуваат условите чекаат со години, условно да кажам, на ред во процедурата и дали со овој закон е можно да се создаде ситуација во која, граѓани од Република Словенија ќе бидат во рамноправна, па дури и привилегирана положба, да имаат право на предимество, како што овде се кажува, за меѓудржавни посвојувања, сега се трудам да користам терминологија, за да не повредам некои правни термини и сензитивност на целиот случај, пред македонските граѓани кои, кога се работи за

деца граѓани на Република Македонија во процесот на посвојувањето, можат првенствено да бидат посвоени од граѓани на Република Македонија.

На второво прашање е второ потпрашање, кои се предвидувањата на Владата во овој меѓудржавен договор, што го ратификуваме, Македонија ќе има нето посвојувања или Словенија ќе има нето посвојувања во меѓусебниот државен договор. Односно, во која насока очекуваат да оди текот на посвојувањата после изгласувањето во Собранието на Република Македонија?

И, дали планира вакви договори Владата да продолжи да потпишува и со кои држави?

**Љубиша Георгиевски:** Со еден збор го ставате подпрашање државниот клаузибилитет, комплетен, на тој закон?

**Никола Поповски:** Сакам прецизно да ми се одговори на овие прашања, особено на последното, што е планот, со кои држави, дали Владата размислува да го продолжи процесот? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Според овој дисплеј, збор има господин Азис Положани.

**Азис Положани:** Почитуван господине претседателе,

Како член на Комисијата за надворешна политика, не се пријавив веднаш, бидејќи очекував претставниците на Владата кои беа во Комисијата или пратеничката авторизирана од Комисијата да каже некој збор овде. Но, бидејќи не кажа ништо и бидејќи на Комисијата го имате напишано на хартија, потребата за да се објаснат неколку аспекти што се во врска со ваквиот вид на закони, бидејќи станува збор за прв закон за посвојување. Овие прашања што ги постави Никола Поповски, исто така, беа поставени и на Комисијата од голем број пратеници.

Беше земена обврска од претставниците на Владата кои беа тука, заменик министерот за надворешни работи и за труд и социјална политика, до крајот на оваа седница да дадат една куса информација за некои аспекти, можни аспекти, во однос на оваа материја. Со колку земји ќе склучуваме, колку е дадено, колку е земено. Значи, пратениците сите, без оглед дали се од позиција или опозиција, покажаа голем интерес за ова прашање.

Имајќи предвид дека е сензитивно прашање, треба да знаат, а претставниците на Владата земаа обврска до почетокот на оваа седница да подготват една информација. Јас се задржав со пријавувањето, затоа што сакав да видам во овие материјали што ги имаме, дали има нешто. Но, нема. Мислам дека барањето за некои бројки, за некои политики во оваа насока, како приод, како идна политика, мислам дека пратениците имаат потреба да знаат такво нешто. Доколку е можно сега да ја добиеме таа инфорамција сакам да потсетам дека истите прашања беа поставени од сите пратеници и поддржани од сите пратеници на Комисијата за надворешна политика. Добро е, Владата или претставниците на Владата за оваа точка да ги дадат соодветните објаснувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот заменик министер за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Господинот Положани ги постави овие прашања на Комисијата. Точно е дека тој побара да му биде одговорено во писмена форма и точно е дека тоа што тој го побара, беше одговорено на самата седница. Главното негово прашање беше тогаш, а сега и пратеникот Поповски го постави, колку закони имаме потпишано.

Му одговоривме дека е ова прв закон од ваков вид. Одговоривме дека се работи за релативно нова процедура, што е иницирана од препораките за европското партнерство, меѓу другите во делот на европската безбедносна надворешна политика, посебно каде што се говори за спречување на трговијата со деца.

Оттаму, Република Македонија иницираше потпишување, ова е прв договор од ваков вид што го иницеравме ние со Република Словенија. Во фаза на подготвување е текстот и со Италија. Тоа се работите што му ги одговоривме и на господинот Положани.

Тој меѓу другото бараше и одредени анализи, колкав е бројот на барањата за посвојување, колкави се можностите, колку деца годишно се посвојуваат и тн. Сметавме и сега сметам дека содржината на овој закон е во функција на воведување и озаконување и спроведување ред во оваа област, со тоа што би одговорил. Толкувањата на експертите што беа во Комисијата беше дека со ова одговара на деот на прашањето од господинот Поповски, дека приоритет за посвојување на деца во Република Македонија ќе имаат граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Положани има три минути реплика на министерот.

**Азис Положани:** Мислам само за дополнително и посоодветно дообјаснување, заменикот министер беше присутен таму и треба, всушност требаше да каже дека јас тука не барам да одговори на моите прашања. Вистина е дека јас поставив едно прашање и едно дополнително прашање во текот на расправата, дури и поддржувајќи го законот, затоа што не ценам во спротивност со општите правила во оваа област, како закон кој што може да придонесе во борбата против трговијата со деца, туку барањето за објаснување на некои аспекти од оваа област беше како заклучок на Комисијата. Значи, едногласно, затоа што и на едногласен начин законот и беше поддржан и сега не е коректно да се каже дека господинот Положани го побара ова прашање и јас му одговорив на тоа прашање, јас му одговорив веднаш на лице место, туку таму се отвори поширока расправа и истата ја поттикна и

госпоѓата Поповска која денес за жал не е тука и нема потреба да зборувам за тоа, меѓутоа, прашањата што се поставија, се поставија во име на Комисијата. Моето прашање, тоа што јас го коментирав беше, всушност, заклучокот во име на Комисијата и ќе беше добро оваа расправа да не се направи непотребно и навистина да добиеме информации кои што всушност таму и самите пратеници настојуваа да ги објаснат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко путаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, членови на Влада.

Законот за ратификација за кратко време повторно се отвора во Собранието на Република Македонија, расправа за една многу чувствителна, по малку мистериозна и секогаш контраверзна тема од македонското секојдневие, прашањето за посвојувањето на деца. И, добро е што се отвора. Најнапред пред извесно време како пратеничко прашање, а денес и преку регулирање на оваа материја на меѓудржавно ниво помеѓу Република Македонија и Република Словенија. Предлог законот на Комисијата за надворешни работи на која што сум член побуди и многу дискусии, прашања и размисли. Токму заради принципиелноста на материјата и одреденото табуизирање на истата во пракса. Имено, ова е прв меѓудржавен договор за посвојување што треба да го ратификува нашето Собрание. Меѓувреме, пред сите овие години, од распрадот на Југославија до денешни дни, материјата за посвојување на децата побудува огромен интерес и шпекулации, за кои што главно само се шепоти.

Најнапред, заради приливот на деца кои од одредени причини остануваат без родителска грижа од своите природни родители, потоа заради огромниот интерес од домашни посвоители, дологите списоци за чекање и сложената бирократска процедура за остварување на правото за посвојување, но и заради огромниот интерес на странски посвоители, кои за чудо понекогаш и премногу лесно доаѓаат до посвоенчиња од Република Македонија. И, сето ова во услови на се поизразена демокрафска регресија и во нашата земја и во земјие од ЕУ и преку океанските земји. Од тука и контраверзите, говоркањата за развиен бизнис, сомнежот дека и децата посвоенчиња можат да бидат предмет на бизнис и договор, а тоа е токму најстрашното.

Сознанијата дека Балканот, посебно Романија е своевидно елдорадо за посвојување на деца, но и неформалните изјави дека децата од балканските земји стануваат се поскапи, за разлика од децата од Виетнам и од Кореја, укажува и на можноста од вонинституционална трговија со деца, која со бројни резолуции, декларации на домашни законодавства е најстрого забрането. Западноевропското аконодавство е многу ригидно и сосема јасно во одредувањето на условите, прописите и процедурата за посвојување, но и многу резервирано за воспоставувањето на билатерална рамка за посвојување, посебно со земјите вонзападноевропското подрачје. Претпоставуваме дека заради бројните злоупотреби и можности за корупција, посебно со земји, каде што постои лабава правна рамка и слаба контрола над процедурата за посвојување на деца. Токму од тие причини секоја нова правна рамка, која ја регулира оваа материја и е во функција ма заќтота ма правата нма децата посвоенчиња е за секаква поддршка. Одредувањето на условите и начинот за спроведување на меѓудржавните посвојувања, кои ќе докажат дека тоа меѓудржавно посвојувње е во интерес на детето и дека со постапката за посвојување се почитуваат неговите основни права, дава одредена сигурност дека слоупотребите уште во старт треба да бидат сведени на најмало можно ниво.

Особено е значаен и добро осмислен членот 9 од Договорот меѓу Република Македонија и Република Словенија, во кој се вели дека "Овластениот орган на државата на приемот постојао го следи престојот на детето односно малолетното лице во семејствата на избраниот посвоител и секој месец изготвува писмен извештај кој му го испраќа на централниот орган на државата на приемот".

И, членот 16 од Меѓусебниот договор е многу дециден: "Централните органи непосретно или преку овластените органи преземаат соодветн мерки за спречување на незаконските финансиски или други користи во врска со посвојувањето, како и мерки за спречување на сите активности кои се во спротивност со цњелите на овој договор. Ова е прв меѓудржавен договор за поисвојување што го потпишува Република Македонија и за среќа коинцидира со уште еден прилично комплементарен со овој договор, а тоа е Договорот за сезонско вработување, кој што исто така доаѓа на седница многу наскоро околу 18 јуни. Надевајќи се на потполна транспарентност во остварувањето на правата на децата посвоенчиња, ќе му дадам поддршка на Предлог законот за меѓудржавни посвојувања меѓу Република Македонија и република Словенија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас само кракто би сакал да ги информирам пратениците дека во врска со оваа проблематика и ова прашање подолго дискутиравме на комисијата за надворешна политика и донесовме една препорака и едно барање до Министерството за труд и социјална политика и од заменик министерот ни беше кажано дека ќе ни се излезе во пресрет. Значи, очекуваме во наредниот период и мислам дека наредниве две недели од прилика да дибиене една посодржајна информација во врска со досегашните барања за усвојување во Република Македонија. Понатаму, странските барања, како оди целиот процес,

колку се чека, затоа што се работи за сензитивна материја и која што повеќе тангира наши граќани. Ги побатавме тие бројки, се надеваме дека ќе ги добиеме и мислам дека тука апсолутно немавме било какви партиски различни погледи, туку напротив и колегите од СДСМ и оД ДУИ и од другите политички партии имаа ист интерес, исто така и иста желба инамера за решавање на овие проблеми. Така што, мислам дека ќе имаме повеќе информации и дека ќе можеме повеќе да постапуваме во наредниот период. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Ратификацијата за посвојување што е потпишана помеѓу Република Македонија и Република Словенија треба да се поддржи затоа Што тоа е еден добар начин за контрола на протокот на деца меѓу овие земји и можност за спредување на трговијата со деца, која што е забележана. Се разбира, добро е да има вакви договори со други земји, каде што постојат вакви интерси, но на Комисијата за надворешна политика се согласивме, каде што се дискутираше оваа ратификација, се согласивме дека треба да се води смет,а, пред се, са интересот на државата. Значи, добро е што се потпишува овој договор а тоа е и заштита на државата и на децата во државата од трговија сонив, но треба да се води сетка и за тоа колку деца ќе се дозволат да бидат посвоени од посвоители, побаруваччи од Словенија, имајќи предвид колкав е интересот за посвојување во нашата земја, во Република Македонија. Затоа што, најпрвин треба да се одговори на нашите граѓни и на нивните потреби, а дури потоа да се одговори позитивно на евентуални побарувања од страна. Јас лично сметам, меѓутоа со тоа се согласивме и со другите колеги на Комисијата дека ова е извонредно важно и затоа како пратеници треба да имамаме увид и точен податок за бројот на побарувања за посвојување во Македонија и бројот на постоечки можности во земјава за тоа, бројот на деца кој што се во домовите во моментот, а и бројот на побарувања од други земји, во случајов од Словенија, меѓутоа и од други земји за кои што знаеме дека има побарувања. А, дополнилно сметам дека треба да се отвори една сосема отворена расправа во рамките на некои од телата во Собранието, на некоја Комисија , каде што ќе се разговара за ова прашање сосема отворено и ќе се размисли дали постоечкото решение на Законот за семејство и други закони од социјалната свера кои што го тангираат ова прашање се најсоодветни уи дали на најдобар можен начин прават регулација на ова прашање од аспект на заштита и грижа на децата, но и од аспект на задоволување на потребите на посвоителите. Уна опиовеќе мислења и размисли дека со централизирањето на Комисијата која што одлучува а тоа, се создаде тесно грло и целиот процес се запре, така што се јавува ситација кога им многу побарувања и многу деца кои што чекаат на посвојување, а многу малку трансфери кои што завршиле среќно и на обострано задоволство. Еве и сугестија од мене, оваа проблематика најотворено да се разгледа во една од комисиите, можеби во Комисијата за социјална политика или во некоја друга, која што би нашла интерес и соодветно покривање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска мери, повелете, имате збор.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Навистина ми е драго што прашањето за посвојување наиде на толкав интерес овде во Парламентот. Ова прашање јас го покренав уште на седницата одржана на 29.03. наменета за пратенички прашања и тогаш упатив прашање до Министерот за труд и социјална политика колкав е бројот на посвојувања, за кои е одлучено во изминативе седум месеци, дали на министерот му е познато врз основа на кои критериуми и услови е извршен избор на посвоители и дали во овој период има деца што се дадени на посвојувње во странство, нормално, со образложение зошто токму го поставувам ова прашање, знаејќи секако што е тоа што се случува во пракса. И, добив одговор дека во периодот од септември 2006 година Комисијата за засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика има одржано 36 седници, дека на тие седници се разгледани вкупно 459 предмети, извршени се 83 уписи на посвоители, од кои 71 упис се на државјани на Република Македонија кои живеат на територијата на Република Македонија а 12 се уписи на странски државјани и извршени се 57 уписи на деца во регистарот на можни посвоеници. Во овој период наведено е дека се засновани 53 посвојувања на деца, од кои 13 посвојувања се засновани од страна на лица кои се странски државјани, а едно посвојување е засновано од страна на македонски државјани кои живеат во странство. Во моментов има 12 деца кои се сместени во семејства на идните посвоители заради адаптација.

Мојата дилема и тогаш остана кои се причините поради кои има деца што се посвојуваат во странство, значи се доделуваат на странски државјани од причини што Закнот дава приоритет на државјани на Република Македонија, но во дополнителен одговор на дополнително пратеничко прашање, при што морам да спомнам заменик министерот за труд и социјална политика навреме го достави како што кажа, на 16 мај во 12,00 часот, така и го исполнии ветувањето, беше наведено дека за тие деца е извршено посвојување во странство, заради тоа што нема интерес за посвојување во Република Македонија. Е, ова е прашање што навистина остава простор за размислување и за анализа на сето тоа што се случува во пракса, токму заради приоритетот за посвојување на државјани на Република

Македонија. Меѓутоа, заради злоупотреба на оваа законска одредба, морам да спомнам дека информациите што ги имам од праксата во конкретни случаи не доведуваат до заклучок дека навистина постои можност, а и дефакто се злоупотребуваат законските одредби на начин што на децата кои можат да се посвојат се наоѓаат илјада и еден начин, илјада и една белешка да им се каже на можните посвоители во Република Македонија дека имаат аномалии од здравствени причини, што доведува до една крајна фаза кога целата постапка и собирањето на сите документи за можните посвоители во Македонија ќе заврши позитивно, да ги доведе нив во ситуација тие да се откажат од посвојувањето, за да може тоа да се заврши со посвојување од страна на странски државјани за други услови кои што овде не сакам да ги споменам, а и тогаш кога ги поставував пратеничките прашања споменав дека за ова треба многу да поработи Министерството за внатрешни работи. Токму затоа, добро е што денес дебатираме за ова прашање , меѓутоа морам да кажам дека навистина сум разочарана од тоа што еве и претставнкот на Владата, во случајов заменик министерот за надворешни работи не одговорни на ниту едно прашање од колегата Никола Поповски, кои верувам дека се поставени во оваа насока, за што јас дискутирав. Што ќе добие Република Македонија со овој закон и во која насока ќе се движат посвојувањата. Мора да потенцираме дека во Република Македонија е голем бројот на лица што се заинтересирани за посвојување и со ваквите закони, навистина ние како пратеници треба да знаеме дали тој трансфер ќе биде и се претпоставува дека ќе биде во двете насоки, или пак само ќе значи одлив на деца од Република Македонија под услови кои што се во рамките на законот, меѓутоа во некои случаи постои можност да излегуваат. Сега, не сакам да спомнувам конкретно за државјани од кои држави станува збор, не сакам овој закон за ратификација на договор помеѓу Владата на Република Македонија и Република Словенија да се сфати како однос спрема словенечките државјани. Напротив, зборувам генерално за сите можни посвоители и во Република Македонија и надвор од Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот заменик министер за труд и социјална политика.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам.

Почитувани пратеници, со донесувањето на овој закон за ратификација на договорот се создава правна рамка со која се регулира уредувањето на договорот потпишан на 27 февруари 2007 година во Скопје помеѓу Владите на Република Македонија и Република Словенија за меѓудржавно посвојување.

Со договорот се утврдуваат условите и начинот на меѓународното посвојување, со што се обезбедува поголема сигурност во спроведувањето на постапките при меѓудржавните посвојувања и се определија главните и овластените органи кои ќе постапуваат во водењето на овие постапки.

Со тоа се обезбеди систем на соработка помеѓу државите, со што се гарантира почитување на мерките за заштита на децата и се спречува грабнувањето и трговијата со деца.

Со договорот за меѓудржавно посвојување се овозможува заштита на интересите на децата без родители и родителска грижа, со цел да им се овозможи меѓудржавно посвојување како посебен избор и најдобар облик на заштита.

На Комисијата за надворешна политика на поставените прашања од страна на господата пратеници беше кажано дека ќе се подготви информација. Јас, претседателката на Комисијата ја известив дека треба стандардна процедура да се поведе, да се достави писменмо барање дио моето Министерство за да можеме ние како Влада да одговориме. Не бегаме од одговорноста да дадеме одговор.

Јас на пратеничкото прашање поставено од госпоѓата Мери Младеновска Ѓорѓиевска доставив одговор, согласно добиените податоци од стручните органи кои ја работат оваа проблематика.

Затоа и понатмау Владата на Република Македонија стои на тоа дека ќе достави информација. Благодара.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Поповски.

Дали ќе можете за 7 минути да ја завршите вашата дискусија или да прекинем, бидејќи е 13,53 часот?

**Никола Поповски:** Да, ќе можам.

Благодарам претседателе.

Искрено се чудев зошто меѓудржавен договор потпишан на 27 февруари, Владата брзо го усвоила на седница на Влада и брзо го доставила до Парламентот во фантастични рокови за меѓудржавни спогодби кои се два месеци. Парламентот го добил на 29.05. и денеска на 11јуни по 12-13 дена го имаме на седница на Собранието. Тоа е супер брз проток на меѓудржавни договори за ратификација во било кој парламент во светот, вклучувајќи го и нашиот, со оглед дека имаме во моментот барем 30-тина точки-материјали кои се добиени пред 29 мај до нас пратениците од надлежни предлагачи, не само од Владата, а кои очигледно не се на дневен ред.

После сите овие објаснувања, моето сознание или мојот заклучок е дека очигледно Владата сака да брза со ратификацијата на овој договор.

Претседателе, јас предлагам на предлагачот на овој договор да го повлече од седница од овој дневен ред денеска затоа што очигледно во дебатата се искристализираат повеќе аргументи контра отколку про за денеска да го донесеме договорот. Еве само неколку:

Едниот од предлагачите, заменикот од Министерството за надворешни работи соопшти дека приоритет на Владата ќе биде посвојувањето да се одвива првенствено како приоритет со граѓаните на Република Македонија пред да се овозможи договорот да се користи, меѓутоа, јас не сум сигурен, односно колку што знам, со оглед дека сме немале до сега вакви меѓудржавни договори, тоа во наш закон не е уредено и затоа една од причините е овој закон Владата да го повлече, да ни го достави во процедура Законот за посвојување, што е за Република Македонија, домашниот Закон или во кој Закон е тоа уредено или како се вика тоа е ссоема не битно и таму Парламентот да ги смени одредбите во кои ќе стави дека во случај на меѓудржавен договор приоритет имаат оние граѓани на Република Македонија што сакаат да извршат посвојување, па после можат да стигнат на ред, ако имаме посвојување од страна на граѓани од друга држава со ратификација. Се додека двата се паралелни без приоритет, политички изразеното мислење на господинот заменик не обврзува никого,особено не ги обврзува центрите за социјална помош и Министерството за труд и социјална политика кое ја спроведува оваа многу сензитивна проблематика. Тоа е една причина зошто, а ако Владата смета дека треба таков приоритет, прво нека ни го предложи законот.

Второ, очигледно е дека влегуваме во нова законодавна ера во Република Македонија со оваа ратификација, таа е само првата во овој момент, Владата најави уште една за Италија, меѓутоа, на сите ни е совршено јасно дека нашата дипломатија ќе нема никаков одговор пред било која држава во светот до колку се презентира на макеоднската Влада два договори на пример со Словенија и Италија, нашата дипломатија ќе нема никаква аргументација да спречи таков договор најмалку уште со 25-те членки на Европската унија. А, да не говорам за други држави вон од овие 25. Опасноста е дека на иницијатива на другите држави нашата дипломатија и Влада ќе потпишуваат уште голем број договори од оваа проблематика особено што министерот не ни одговори кој е иницијатор на ваквата ратификација. Од ова што го слушнавме од одредени пратеници од власта, основано можеме да заклучиме дека одговорот не е даден, меѓутоа, иницијатор е Република Словенија и вториот иницијатор е Република Италија.

Зошто тоа го сметам? Ако внимателно го слушнавте нашиот колега господинот Шутаров кој соопшти дека пратеничката група или лично, седно, ќе го гласа законот. Тој соопшти уште една многу важна реченица. Тој кажа дека овој закон е комплементарен со Законот за вработување на сезонски работници, кој го ратификуваме со договор во Собранието исто така со Словенија.

Господине претседателе и почитувани претставници на Владата не сакам да помислам дека македонската дипломатија е доведена во ситуација да и се каже ако сакате 100-200 сезонски работници во Словенија, тогаш ќе ни потпишете уште еден договор со кој, покрај извоз на работна сила, ќе имате уште еден вид на извоз во Република Словенија. Така можеше да се заклучи од ова излагање кое беше означено како комплементарен договор со Законот за ратификација на договорот за вработување сезонски наши македонци во Словенија. Мислам дека треба да биде вознемирувачко ако Владата влегла во таков меркантилен договор со Република Словенија.

Не ги слушнавме ниту очекувањата, нето билансот на која страна ќе биде во Република Македонија и во Република Словенија, меѓутоа, она што дополнително ме поколеба, само минута две претседателе, ако ми заврши времето, дополнително ме поколеба една пратеничка која особено сака да биде прецизна и секогаш е загрижена за ваков вид на закони госпоѓата Лилјана Поповска. Не знам дали направи лапсус или не, очигледно беше многу информирана зошто овој закон од страна на Владата треба да го донесеме. Рече дека државата сака да воспостави контрола на трговијата. Ве молам, тој збор беше употребен во Парламентот. Контрола на трговијата да воспостави државата и да се спречи грабнување и незаконска трговија, цитирам, колку што успеав на брзина да запишам.

Ако целта на законот е државата да ја контролира трговијата со малолетни деца со друга држава, мислам дека е крајно лошо и непримерно за нашата држава. Сметам дека беше лапсус, меѓутоа, исто така сметам дека во некоја од задните комори во Програмата на Владата има и елементи дека ако не можеме да спречиме дајте законски да го регулираме одливот. Јас лично мислам дека Македонија не смее да си дозволи на процесот на, користам англицизми затоа што се востановени на прејн дрејн да го додадеме и процесот на флешн блак дрејн, кој се одвива на релацијата сега на пример Азија - Северноамериканскиот континент или Азија-Европа и да додадеме флешан блак дрејн Европа-Европа затоа што мислам дека законот почнува да навлегува и ќе не навлече уште повеќе во законодавна иницијатива во која Македонија ќе стане извозник точно на тоа од што се плашиме. Ако тоа законски го регулираме во Македонија заради економската криза ќе имаме многу брачни парови кои ќе склучат како оној договор од Струга пред неколку дена што го склучија, а Судот го озакони, дека настраданите сочувствуваат со тој што извршил сообраќајно убиство, а не со тие врз кои е извршено, ќе почнат да продаваат свои биолошки услуги по пат на меѓудржавни договори кои можат да се наплатат и тоа ќе биде озаконето.

Мислам дека влегуваме во крајно сензитивна фаза. Во Македонија секогаш ќе најдете луѓе кои за 5 - 10 илјади евра ќе се потрудат да бидат биолошка фабрика за странци врз основа на овој договор.

Јас мислам дека тој процес треба да се спречи и ако ми дозволите уште 30 секунди, овој викенд

имавме пример каде ние служиме за тоа. На телевизија, не ја кажувам ни телевизијата ни новинарот ни ученикот затоа што е несвојствено, но битен е предметот, ученик во Средно музичко училиште завршува средно училиште и јавно на телевизија изјавува: веднаш после завршувањето ќе аплицирам во Германија, во таа и таа филхармонија да ми дадат стипендија таму да продолжам да се обучувам во високо-музичко образование затоа што мојата амбиција е да се дошколувам и да останам да работам во Германија.

Не сакам да бидам со тоталитарна свест, ама со оглед дека се работеше за Државно музичко училиште министерот за образование треба веднаш да го спречи завршувањето на тоа образование. На кого ние трошиме буџетски средства, на лица кои ги оспособуваме да даваат услуги во странство? Ние само ги оспособуваме тука, сега на ова треба да додадеме и процес на производство на деца.

Мислам дека има доволно аргументи да се одложи и д апочнеме да размислуваме малку повеќе да вклучиме и други меѓународни искуства што всушност овој закон може да ни донесе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Давам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,03 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места, за да продолжиме со работа.

Три минути реплика има господинот Васко Шутаров. (Се повлекува).

Госпоѓа Лилјана Поповска не е тука.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да му предложам заклучок на Собранието, ги повикувам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата за да продложиме со работа.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници во салата, објавувам пауза од 15 минути.

Ги молам координаторите да направат напор да се соберат пратениците.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,00 часот)

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикува уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во очекување на кворум, госпоѓа Благородна Дулиќ бара процедурално, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Веќе подолго време ни се случува да се опструира работата на Собранието. Нека видат граѓаните, ве молам, за што плата земаат поедини пратеници во Собранието на Република Македонија.

Ова веќе не личи на ништо. Или нека си ја вршат работата согласно Деловникот, каде што е пропишано дека секој пратеник има право и должност да присуствува на седниците на Собранието. Како ќе гласат, дали ќе гласаат или воопшто нема да гласаат, тоа е нивно право.

Меѓутоа, присуството им е тука, а не во бифето и по улиците во градот.

Според тоа, ве молам да се констатира состојбата, од која пратеничка група колку се присутни на седницата и зошто седницата не може да продолжи со работа.

Нека се каже и тоа колку ги чини граѓаните на Република Македонија секоја промашена седница. Ние имавме пред некој ден интерпелација и тогаш се случија две работи. Една добра, една лоша. Добрата беше таа што ги видовме сите пратеници на купче. Значи, можело, ако се сака да се дојде и да се присуствува на седница. А лошата беше тоа што имавме уште еден изгубен ден, уште еден ден јалови дискусии, уште еден ден плукање, уште еден ден закanuвање, уште еден ден невоспитано постапување. Тоа граѓаните на Република Македонија го гледаат и сметам дека ќе знаат да го ценат сега и во иднина. И нека се превземат мерки веќе ова Собрание да работи заради тоа што не чека НАТО, не чека Европската унија, меѓутоа со вакво темпо на работа на Собранието, со вакво неработење не можеме никаде да отидеме. Нека ја понесе секој својата одговорност за ваквото однесување во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Дулиќ.

Се чини вашето излагање повлече уште процедурални забелешки.

Младеновска-Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Да точно потпретседателе, во неможност да обезбедите услови да работи Собранието онака како што е предвидено во Деловникот, ќе се исцрпуваме во процедурални дискусии иако не знам претходниот пратеник по кој член од законот се јави за дискусија. Но, навистина сметам дека трба да зборуваме за реалноста во ова Собрание, за сето она што се случува во Парламентот, веројатно колегите од позицијата тоа не го чувствуваат на спствениот грб и затоа молчат, меѓутоа тоа е начинот на кој се менаџира тука работата на Парламентот. И како што знаете сите веќе наредната недела иако денес сега почнавме нова седница, закажана е нова со други точки на дневен ред, нова седница за која роковите за пишување амандмани се денес и утре. Значи, наместо како вие овде само да седите и да гласате за законите без да поднесувате амандмани, ние пратениците од опозицијата сме принудени да трчаме по таа динамика што ни ја

приредувате овде во Парламентот и да работиме и да пишуваме амандмани. Тоа е реалноста. Треба да ја признаеме реалноста и треба да признаеме тоа дека ниту еден закон не може да помине во Парламентот без присуство на пратениици од опозицијата кој ревносно ја работат својата работа  кои најмалку 15-на се присутни постојано на седниците и кои учествуваат во дебата и по закони и текстови изготвуваат амандмани и настојуваме да ги подобриме текстовите на законите што овде ни се нудат за расправа и за одлучување. Затоа сметам дека македонската јавност треба да ја знае вистината дека овде во Парламентот кога има отсуство на некој пратеник точно е дека некои се на службен пат како што е постојано поради динамиката на работа, но пратениците од позицијата поради нередот што го прави, хаосот што го создавате со постојано закажување на едни седници, па презакажување, па закажување нови седници со тоа што ги злоупотребувате одредбите од Деловникот и овозможувате крајните рокови за поднесување амандмани да истекуваат за време на викенди, за време на неработни денови и празници нас не принудува да работиме во овие услови во кои што работиме. Постојано да расправаме овде на пленарна седница по едни текстови на закони, а горе во канцалариите да работиме и да  пишуваме амандмани по други текстови. Мислам дека не е во ред, секогаш кога ќе му одговара на мнозинството во Парламентот, овде да се вртат камерите, така како што треба да ја прикажат состојбата, што апсолутно не е реална, тоа да им се задоволи на пратениците од позицијата, а обратно да не се постапува.

Токму затоа потпретседателе, имајте го ова на ум и обезбедете ред за одржување на седницата. Инаку, нема да се чудиме зошто угледот на Парламентот паѓа, ако самите пратеници придонесуваат кон тоа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Навистина, не реагирав на почетокот на седницата, зошто сакав да ја искажам мојата добра волја, оваа седница да се одржи.

За жал, оваа седница, иако не е свикана, по ниту еден член од Деловникот, опозицијата се согласи да работме по оваа седница, иако не се работи за тоа дека ние сакаме да не се работи, или да не работи Собранието, напротив, не сме во можност да ја исполнуваме должноста што ја имаме како пратеници.

Должноста на пратениците е да ги следат законите, да поднесуваат амандмани и со своите дискусии да придонесуваат за нивно подобрување. Се со една единствена цел, да можат да се имплементираат. Инаку, залудно ни е да носиме закони, кои што потоа ќе бидат неприменливи, или по 6 месеци ќе видиме дека не биле добри, па ќе ги менуваме откога ќе и се нанесе штета на државата, а пред се на граѓаните на Република Македонија.

Вака како што се рабои во Собранието, јас кажав и ќе повторам, навистина, почитуваниот претседател на Собранието, господинот Љубиша Георгиевски е ненадминат и недостижен режисер на хаосот во ова Собрание. Се додека вака ги закажува седниците, ние не сме во можност да ја обавуваме нашата должност како пратеници. Конкретно, добивме соопштение во кое се вели дека амандмани ќе можеме да поднесуваме до недела до 12 часот. Два дена како пратеник во петокот и саботата работев, за да му се каже дека не можам да ги поднесам амандманите.

Почитуван потпретседателе, ова навистина ги револтира пратениците кои што работат. Оние од парламентарното мнозинство кои не го работат тоа, нема ни да се најдат погодени, затоа што во петокот сабајле рано, во утринските часови, по завршување на седницата си отидоа дома и за нив заврши работата во Парламентот. Не дозволувам интервенции, како што беа од колешката Дулиќ, што се упатуваа до сите пратеници. Затоа што, за волја на вистината и дел од парламентарното мнозинство ги гледам се истите пратеници дека се тука. Еден добар дел никогаш не се присутни, туку доаѓаат тука, се потпишуваат и одат да си ги завршат своите бизниси. Токму за тоа се работи. Или ќе работиме онака како што налага Деловникот, или ве молам, да ја прекинете оваа седница, затоа што очигледно дека парламентарното мнозинство не може да си ја заврши работата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Јас морам да ви објаснам дека по решението што го добивате секогаш кога се свикува нова седница, објаснува според кој член е повикана седницата. Исто и за ова пишува дека е повикана врз основа на член 66 став 3 од Уставот на Република Македонија и за тоа имвме објаснување во претдневниот дел на седницата.

Господин Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе,

Госпоѓата Благородна Дулиќ, начна  овде една тема која за нејзина несреќа не е својствена на овој парламентарен состав. Некој претходно го инагуираше ваквиот начин на работа, која за жал, овој парламентарен состав продолжи да го применува. Меѓутоа, разликата е во тоа што овој пат со една агресивна реторика сакаат да се менаџираат ваквите состојби. Само да потсетам, во претходниот парламентарен состав, господинот претседател на Собрание, на нему својствен начин ги менаџираше ваквите состојби, во услови кога имаше многу комотно парламентарно мнозинство. Со вака тесно парламентарно мнозинство, со една ваква агресивна реторика, немојте да очекувате дека ќе ги менаџирате работите. Затоа, кога настапуваме од оваа говорница да внимаваме што работиме, што кажуваме, бидејќи тоа може да има спротивен ефект. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хасипи.

Господине Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Исто така се придружувам на процедуралното прашање на госпоѓа Дулиќ, која што својата забелешка ја даде во многу добра форма. Исто така, сакам да потенцирам дека во ваква средина, во ваквиот Парламент, не доаѓањето на ДУИ е евидентно. Но, не знам која е интенцијата, која е намерата на оваа парламентарна група, додека нивното враќање во Парламентот е најавен, зошто не се тука, не знам. Можеби нивната цел беше само нивните акробации со интерпелацијата во однос на Владата, но како и да е, тоа е тоа, ситуацијата е јасна и мислам дека народот, или пак албанското гласачко тело е добро да ја види оваа ситуација и да направи разлика каде е основата, каде е намерата на пратениците и на партијата, која што зборува во името на народот во одредени моменти. Сакам ДУИ и другите присутни од опозицијата да бидат присутни, затоа што тука се дискутира, тука се дебатира, тука се донесуваат одлуки. Но, како и да е, народот е тој кој ќе цени кој за што се ангажира. Јас ги повикувам пратениците да бидат на седниците, да учествуваат во дискусиите и да го оправдат нивниот избор што го направи народот.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Дулиќ, госпоѓо Топузова, ве молам, бидејќи по втор пат барате процедурално, да не биде вашето процедурално реплицирање. Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Ако друго не можеме да зборуваме, барем да си ги кажеме маните во работењето на овој Парламент, кој што оди се надолу и надолу во својот рејтинг.

Последен ден за поднесување на амандмани е среда, за наредната седница. Ако им беше на колегите од СДСМ да пишуваат амандмани, немаше да губиме цело претпладне во процесуални прашања, заради тоа што кога ќе видат дека има кворум за работа, тие секогаш удираат со една канонада на процесуални прашања. Ако камерата отиде во бифето, барем 7-8 души од СДСМ ќе види таму како се разладуваат и се освежуваат. Според тоа, не се во прашање воопшто амандманите, туку е во прашање нивната смислена опструкција на работа на Парламентот, за да не спречат да ги донесуваме законите, кои што сме должни да ги донесуваме во име на граѓаните на Република Македонија, за да обезбедиме влез во НАТО.

Според тоа, навистина, предлагам камерите да зборуваат наместо ние, нека се покаже мојата десна страна да видиме колку се присутни од таму, а колку сме и ние присутни од позицијата и сето тоа, само за себе ќе зборува.

**Бесим Догани:** Сега повторно ќе дадам 15 минути пауза да се договориме дали ќе продолжиме со работа, или ќе ја прекинеме седницата. Ви благодарам.

(Пауза од 16,24 часот).

(По паузата со седницата претседаваше Иван Анастасовски потпретседател на Собранието).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да гласаме.

Почитувани колеги, бидејќи на екранот гледам пријавени поголема група на пратеници, меѓу кои и јас за процедурално, меѓутоа за жал, ние процедуралното го користиме, за меѓусебни препукувања, овде ја прекинувам седницата. Продолжуваме утре во 11,00 часот. Ви благодрам.

(Седницата прекина со работа во 16,40 часот).

47 - 00